# З А К О Н ЗА ПРИГОДНИ И КОВАНИ ПАРИ

*(*Пречистен текст*)*

*-Основниот текст е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.11/95*

-Измените се објавени во"Службен весник на Република Македонија" бр.74/04

Член 1

Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка), издава пригодни ковани пари по повод политички, историски, научни, културни, спортски или хуманитарни настани, кои се од општ интерес за Република Македонија или се од меѓународно значење.

**Член 2**

Владата на Република Македонија (во натамошниот текст Владата), ги определува настаните по повод кои се издаваат пригодни ковани пари.

Настаните по повод кои се издаваат пригодни ковани пари, Владата ги определува до 30 јуни тековната за наредната година.

**Член 3**

Пригодните ковани пари се изработуваат од злато и сребро, како и од метали од кои се изработуваат кованите пари што се во оптек.

Владата ги определува металите од став 1 на овој член од кои, по повод одделни настани, ќе се изработуваат пригодни ковани пари.

**Член 4**

Висината на емисијата, апоенскиот состав, основните обележја и дизајнот на пригодните ковани пари ги определува Владата, по предлог на Народната банка.

**Член 5**

Пригодните ковани пари ги изработува специјализирано трговско друштво што со одлука го определува Владата.

**Член 6**

Народната банка врши контрола над изработката на пригодните ковани пари.

**Член 7**

Пригодните ковани пари изработени од злато и сребро се продаваат по цена поголема од нивната номинална вредност.

Пригодните ковани пари изработени од метали од кои се изработуваат кованите пари што се во оптек, искованi во специјална техника, се продаваат по цена поголема од нивната номинална вредност.

Пригодните ковани пари изработени од метали од кои се изработуваат кованите пари што се во оптек, искованi во обична техника, се пуштаат во оптек по нивната номинална вредност.

Одлука за продажба и одлука за пуштање на пригодни ковани пари во оптек донесува Народната банка.

**Член 8**

Продажба на пригодни ковани пари во земјата и во странство врши Народната банка, по цена што таа ќе ја определи.

Народната банка, продажбата од став 1 на овој член, може да ја врши преку банки и други специјализирани организации.

**Член 9**

Средствата остварени со продажбата на пригодни ковани пари, по одбивање на трошоците за изработка и продажба на пригодните ковани пари се приход на Буџетот на Републиката.

**Член 10**

Ннародната банка во книговодството посебно ги искажува трошоците на изработка и продажба на пригодни ковани пари, и приходите остварени од нивната продажба.

**Член 11**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за пригодни ковани пари ("Службен лист на СФРЈ" број 35/80 и 4/85).

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".